***Автор:*** *Македонски центар за меѓународна соработка*
***Дата:*** *декември 2017*
***ISBN:***
***PDF:*** sledenje-na-dksk-kvartalen-izveshtaj-br-4.pdf
***Резиме:*** rezime-na-sledenje-na-rabotata-na-dksk-4.pdf



Од вкупно 27 индикатори следени во периодот на известување, а за кои се следи исполнувањето на законските обврски („обојување на индикаторите“), 11 се остваруваат целосно во согласност со закон, 13 се остваруваат делумно, а 3 не се остваруваат.

**Антикорупциска проверка на легислативата се спроведува но недоволно активно.** Антикорупциска проверка на легислативата се спроведува, но не во целост. Во овој извештаен период, таа е направена за пет закони и е започната за 11 закони (пет од вториот и шест од третиот квартал). Иако Владата во овој извештаен период има утврдено 13 предлог-закони на седница, истите не се доставени до ДКСК за задолжителна проверка на

ДКСК одговорила на **916 барања за мислење** од страна на државни институции за примена на Законот за спречување на корупцијата во изборен процес. Барањата за мислења се однесуваат на преземање постапки за вработување на неопределено и на определено време, постапки за јавни набавки, постапки за издавање под закуп на имот во државна сопственост и други видови располагања со државен имот, како и мислења по барања за вонредни исплати на буџетски или фондовски средства и други располагања со буџетски средства на централно и на локално ниво.

**ДКСК отворила 18 предмети за можни злоупотреби** за време на локалните избори во кои се наведени сомневања за можни злоупотреби на буџетски средства, јавни фондови и средства од јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат со државен капитал од денот на распишување на изборите на 6 август 2017 година. Од нив, 16 предмети се отворени по приговори поднесени од физички лица, еден приговор поднесен е од правно лице и еден приговор од непознат подносител.

ДКСК не презела конкретни **мерки за активна примена на Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти** коишто се однесуваат на обврски на јавните институциите пред ДКСК. Полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи до ДКСК доставиле 41 институција. Вкупниот број на институции кои доставиле информација со име и презиме на овластено лице за прием на пријави од укажувачи е 65 институции или 5,03% од вкупно 1.291 јавна институција.

ДКСК **остварува соработка со државните органи**, а може да се забележи и дека станува **поотворена за соработка со граѓанските организации и со организации од приватниот сектор** потписници на Мемо-рандумот за соработка каде за прв пат се евидентирани реализирани средби за воспоставување на идна соработка.

**ДКСК недоволно ја информира јавноста за сите свои активности.** Имено, ДКСК нема пракса да објавува информации на својата веб страна за учество на обуки, работилници, одржани средби и сл. за кои нема законска обврска да го направи тоа.

Во извештајниот период до ДКСК биле доставени и оформени вкупно **19 предмети за постоење елементи за корупција**. Предметите се по пријава од граѓани, од правни лица и предмети отворени по сопствено убедување на ДКСК.

# ШТО СРАБОТИЛА ДКСК ВО ПЕРИОДОТ ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 г.?

## КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ

### АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА

- **ЗАПОЧНАТА** е постапката за АПЛ на **ШЕСТЕ ПЛАНИРАНИ ЗАКОНИ** од овој период.
- ДКСК **НЕ ДОБИЛА БАРАЊЕ ЗА АПЛ** за ниту еден закон од Владата иако на седница биле **УТВРДЕНИ 13 ЗАКОНИ**.

## НАДЗОР И КОНТРОЛА

- ДКСК постапувала во **18 ПРИГОВОРИ** за сомневања за **МОЖНИ ЗЛОУПОТРЕБИ НА СРЕДСТВА ВО ИЗБОРЕН ПЕРИОД**
- Подготвени се **916 мислења** до институциите поврзани **СО КОРИСТЕЊЕТО НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА ВО ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД**.
- Покрената е **една ИНИЦИЈАТИВА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНЕР** од извршување јавни овластувања и должности.
- Покрената е **една ИНИЦИЈАТИВА** за поведување постапка за кривично гонење на функционери.
- Отворени се **33 ПРЕДМЕТИ** за можно постоење на **СУДИР НА ИНТЕРЕСИ** на функционери
- Отворени се **19 предмети** по **ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ НА ГРАЃАНИ И ПРАВНИ ЛИЦА** за сомневање за корупција.

- Вкупно **663 лица** се избрани и именувани на функција според објавените одлуки во Службен весник на РМ.
- Објавени се **АНКЕТНИ ЛИСТОВИ** за **192** (28,96%) лица.
- Во РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА се објавени податоци за **7** (1,06%) лица.

Во Македонија има **1291** институција во јавниот сектор.

- **41 институција** доставиле **ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ** за периодот јануари-јуни 2017
- **5 нови институции** доставиле информација за **ОВЛАСТЕНОТО ЛИЦЕ ЗА ПРИЕМ НА ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ**.
- **Вкупно 65 институции** (5,03%) доставиле до сега такви податоци.

## СОРАБОТКА И ЕДУКАЦИЈА

- Одржана **РАБОТНА СРЕДБА** со вицепремиерот за европски прашања за активностите поврзани со Планот на Владата 3-6-9
- Средба со **РАБОТНАТА ГРУПА** за „Петтиот круг на еваулација" од страна на ГРЕКО
- Одржани **СРЕДБИ** со експертскиот тим предводен од Рајнхард Прибе
- **СОСТАНОК** со владини експерти за пополнување на прашалникот за самооценка од УНКАК, циклус 2
- **Три граѓански организации** упатиле **ИНИЦИЈАТИВИ** до ДКСК и тие **биле прифатени**
- **Една организација од приватниот сектор** упатила **ДВЕ ИНИЦИЈАТИВИ** за соработка со ДКСК и **биле прифатени**

## ОТЧЕТНОСТ

- Не е подготвен и поднесен до Собрание **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ за 2016 г.**
- Не е подготвен **и поднесен до Собрание Извештај за можни ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА за предвремените парламентарни избори**.
- **Позитивно одговорила** на **27 од 32** барања за **пристап до информации од јавен карактер**
- Испратени се до медиумите и објавени на веб страна **20 СООПШТЕНИЈА** за јавноста.
- **ОДГОВОРЕНО** е на **ДЕСЕТ НОВИНАРСКИ** прашања по електронски пат